**ЦКА-ПХВ ПРОЕКТИ**
**2007/2008**

Кога станувате дел од проектот ЦКА-ПХВ добивате обука која води до целта којашто понекогаш изгледа невозможна. Кога да се почне со изготвување на проктите? кому да му се помогне? од кого да се бара помош? од кого да се бара поддршка? каде да се најде транспорт?... и многу други прашања ги мачат нашите умни глави пред почеток за време на реализација и на крајот од самата реализација на проектите. Но, на крај самите сфаќат дека не само изработката, туку и она попатното е многу значајно - судрувањЕ со проблемите и како тие сами ќе најдат решение и излез од истото. И некако на крајот на годината сфаќаат дека се повозрасни за една година и дека научиле нови нешта кои ги подготвуваат за животот и начините како да станат совесни и одговорни граќани на нашето општество. Граѓани кои се подготвени не само да бараат туку и да дадат свој придонес и дел од себе за другите, за оние кои имаат помалку од нив, за болните, за хендикепираните, за децата, за старите и за сите оние на кои помошта им е потребна.

И на крај прочитајте ја нашата заедничка приказна. Нашите 115 мали проекти. Проекти од кои нашите умни глави собраа дури 11 800 евра за помош на други лица. Нашата мисија за оваа година е исполнета. Нашата канцеларија е подготвена за нов циклус, за нови младинци, за менување на светот.

1. ООЦК Берово

**Болката раѓа надеж, хуманоста ја храни и возвишува**

Оваа група работеше на собирање на парични средства за лекувањето на Мелита Дестановска во странство, која боледуваше од комплексно хормонално нарушување и за таа цел дел од парите кои беа собрени од влезните билети на новогодишната забава која беше организирана во ДСУ "Ацо Русковски" - Берово. Исто така беше носена кутија за доброволен прилог по училниците, а и професорите беа хумани и донираа парични средства. Проектот е оценет со фаза 5++++.

Изработиле: Постоловска Кристина и Дракалска Наташа
Дисеминатор: Душанка Паговска

2. ООЦК Берово

**Со оро и песна до целта**

Оваа група младинци организираше хуманитарен концерт за собирање на парични средства и стара, добро сочувана облека, со цел да и помогнат на Сања Кацарска од с.Умлена која живее со баба и во една собичка која е во многу лоша состојба и боледува од бронхопневмонија. Концертот беше успешно реализиран во просториите на Д.К. "Јане Сандански" - Пехчево и беа соберени 6,ооо ден. од кои 4,080 им беа лично предадени, а со останатите беа покриени здравствените трошоци. Проектот е оценет со фаза 5+++.

Изработиле: Станоевска Ана, Сирачевска Љупка, Скендерска Кристина, Буровска Даринка, Чичаковска Викторија и Крамарска Борка
Дисеминатор: Душанка Паговска

3. ООЦК Берово

**Помогнете им на малите ангели - децата со посебни потреби**

Целта на оваа група им беше организирање на хуманитарен концерт и барање доброволни прилози за донација во центарот за 15 деца со посебни потреби во град Берово, во вид на Новогодишни пакетчиња и парична донација. Проектот е оценет со фаза 5+.

Изработиле: Сања Каракашова, Мирослав Пашалиски, Антонио Спенџарски и Оливер Каракашов.
Дисеминатор: Душанка Паговска

4. ООЦК Битола

**Она што не ти треба тебе на друг му значи многу!**

Цел на овој проект беше собирање на стари детски алишта и играчки во гимназијата „Јосип Броз Тито„ - Битола и јавната детска установа „Мајски Цвет„- Битола, како и нивно донирање.Со овој проект им се помогна на 17 деца од 7 социјално загрозени семејства.
Истиот проект беше изведен преку собирна акција,во која беа собрани 30 пара фармерки, 64 блузи, 9 виндјакни, 7 комплети (капчиња,шалчиња и ракавици) и играчки.
Овој проект е оценет со фаза 5+ .

Изработиле: ИванаРистанчевска-лидер, Ирена Стојчевска, Викторија Димовска, Маја Димовска, Елена Поповска.
Дисеминатор:Александар Тодоровски

5. ООЦК Битола

**Новогодишно хуманитарни забави за собирање на парични средства**

Група на млади полни со ентузијазам организирале 3 одлични забави. Со забавите биле опфатени голем број други млади луѓе коишто биле желни да помогнат со самото плаќање на влезниците. Средствата собрани од забавите биле донирани за децата со детска парализа и лица со хемофилија. Овој мошне убаво документиран проект е оценет со 5+.

Изработиле: Мартина Илиевска-лидер, Ѓорѓи Михајловски, Даниела Стојческа, Елена Тодоровска, Белинда Мустафова, Семави Мустафов
Дисеминатор Александар Тодоровски

6/7. ООЦК Валандово

**„МЕГАПРОЕКТ„**

**1. „По стапките на Тоше„**

Цел на овој проект беше организирање на хуманитарен Концерт , собирање донации од граѓаните на

општина Валандово и поголемите фирми во општината.Со овој проект му се помогна на 10-месечниот Мерт Усеинов од с. Дедели на кој му е потребна итна хируршка интервенција на срцето во Р.Бугарија. Од овој проект беа собрани 57,945.оо ден.
Овој проект беше оценет со фаза 5++++ и сонце.

**2. „ Биди Хуман-Дарувај Крв„**

Целта на овој проект беше реализација на крводарителска акција, која се состои од 2 дела. Едниот дел беше организирање на акцијата во СОУ „Гоце Делчев„-Валандово и вториот дел во Домот на културата „25-ти Мај„-Валандово. Со овој проект им се помогне на граѓаните на Република Македонија на кои од некои причини им е потребна крв. Со овој проект беа собрани 60 единици крв.
Овој проект беше оценат со 5+.

Изработиле:Христина Ристова,Елена Митева,Роберт Марков и Марија Зафирова.
Дисеминатор: Васе Митев

8. ООЦК Велес

„**Сите за едно во мисија за едно срце да продолжи да чука„**

Целта на овој проект беше помош на Димовска Теона која има една година и два месеци и страда од вродена срцева мана.Оваj проект беше реализиран преку изведба на хуманитарна театарска претстава, изложување на каси во маркетите : „Мони 2„ „Ани 96„ , „1&2„ и „Жито„ и во училиштата „ Коле Неделковски„ , „СОУ Кочо Рацин„ ,ОУ „Кирил и Методи„ и ОУ „Блаже Конески„.Со реализација на овој проект беа собрани 27.320 денари.
Овој проект е оценет со фаза 5++++ и сонце.

Изработиле: Бусилкова Елена,Ѓорѓиева Моника,Перкова Сара,Саздова Фросина и Стојановска Здравка.
Дисеминатор: Ангел Киров

9. ООЦК Велес

**„Да ја вратиме насмевката на Бранкица„**

Целта на овој проект беше покривање на дел од финансиските трошоци за постоперативна терапија на Бранкица Петкоска која имаше трансплатација на црн дроб, а воедно и подигање на хуманата свест кај Велешаните. За оваа цел да биде постигната беше организиран хуманитарен натпревар во ракомет, како и организирани собирни акции ( за собирање на парични средства) во основните и средните училишта во Велес. Беа собрани 22743 ден.
Овој проект беше оценет со фаза 5 ++++ и сонце.

Изработиле:Страхил Тодоров, Викторија Јордановска, Иван Жежов, Лилјана Јордановска, Кирил Колев и Велимир Арсов.
Дисиминатор:Анѓел Ќиров

10. ООЦК Велес

**„Помош на едно социјално семејство„**

Целта на овој проект беше да му се помогне на семејството Јаковлеви, кое го сочинуваат самохрана мајка (со здравствени проблеми) и две малолетни деца на возраст од 15 и 5 години. Овој проект беше реализиран преку хуманитарен концерт,хуманитарна ликовна изложба, хуманитарна каса во СОУ"Кочо Рацин„ и од неколку приватни фирми. Беа собрани 1600 денари, с-тва во висина од 400 денари, пакет прехрамбени производи во висина од 500 ден, пакет храна во висина од 1500 денари, од хуманитарна каса 300 денари, донација од случајните минувачи во износ од 700 денари и пакет со облека во висина од 1000 денари.
Овој проект беше оценат со фаза 5+++.

Изработиле: Драган Тодоровски(лидер), Ванеса Јорданова, Дарко Тодоровски, Викторија Ѓорѓиева, Блаже Илиев и Мимоза Китанова.
Дисеминаор: Ангел Киров

11. ООЦК ВЕЛЕС

**Еднократна помош во вид на училишен прибор на учениците при специјлното дефектолошко училиште " Маца Офчарова"**

Еднократна помош на во вид на училишен прибор на учениците при специјлното дефектолошко училиште " Маца Офрача е целта која овие младинци ја оствариле преку собирање парични средства во две етапи. Најнапред преку Организирање собирни акции и собирање парични средства и донации низ повеќе средни и основни училишта, а потоа и преку организирање на забава. По реализацијата на собирните акции беа собрани точно 7 000 денари и количество на играчки, од кои направија 90 кеси со прибор и играчки и ги поделија на секој ученик во училиштето за деца со посебни потреби. Со тоа успејаа да им ја олеснат работата на учениците и да им влејат насмевка на нивните лица. Проектот е оценет со 5 +.

Изработиле: Тодорова Александра, Левкова Марија, Мизероки Грасиелла, Крлевска Катерина, Макниева Мартина, Трајчевска Теодора и Темелковска Грозде
Дисеминатор: Анѓел Киров

12. ООЦК-Велес

**„Насмевката нанивните лица,храна за нашите очи„**

Целта на овој проект беше да се постигне еднократна помош на 5 социјално загрозени Велешки семејства. Оваа цел беше постигната преку хуманитарна акција за собирање на финансиски средства при што беа собрани 3500 денари.
Проектот беше оценат со фаза 4.

Изработиле: Коцевска Фросина, Тодоровски Дарко, Димитриевска Дајана, Петрушески Златко, Александроски Кристина и Сторимановска Евгенија.
Дисеминатор:Киров Ангел

13. ООЦК ВЕЛЕС

**Помош на загроезени семејства во Мелница**

Целта на овој проект била да им се помогне на семејствата од село Мелница. Младинците организирале собирни акции во повеќе средни и основни училишта и од истите собрале стари и нови алишта, играчки и обувки. Поради недостаток од информации, не може да се процени ефектот на проектот и оценет е со 4.

Изработиле : Дона Алексиќ, Румена Тодорова, Маргарита Пановска, Златка Саздова, Александар Јовановски, Анѓел Јорданов
Дисеминатор :Ангел Киров

14. ООЦК-Виница

**Сите сме едно**

Четворица младинци од ООЦК им помогнаа на 14 деца и млади со повисок степен на хендикеп преку успешна реализација на натпревари во кошарка.
Натпреварите во кошарка се одржаа во спортската сала, а учествуваа екипи од Виница и Кочани и беа собрани 10 840 денари. Парите беа донирани во Дневниот центар за деца и млади. Проектот е оценет со фаза 5+++.

Изработиле: Марија Спасова, Анастасија Иванова, Тања Бојчовска и Маријана Ѓорѓиева.
Дисеминатор: Елида Ангелова

15. ООЦК- Виница

**Преку ноти до насмевка**

Овој проект е успешно реализиран од двајца младинци од ООЦК кои организираа хуманитарен концерт и им помогнаа на семејство со физичко болно лице неспособно за работа и на децата во детската градинка. Концертот беше одржан во Домот на културата Тошо Арсов, а учесници беа ученици од средното музичко училиште во Штип, Ванчо Прке и група од Кочани. Со реализација на проетктот беа собрани 5300 денари. Заради успешна реализација проектот е оценет со 5++.

Изработиле: Моника Петкова и Валерија Темелкова
Дисеминатор: Елида Ангелова

16. ООЦК Виница
**Хумано е да си хуман**

Двајца младинци од ООЦК и помогнаа на Марјана Николова која има тешко заболување на крвта преку успешна реализција на натпревари во мал фудбал. Натпреварите во мал фудбал се одржаа во спортската сала, а учествуваа екипи од професори, полицајци и ученици и беа собрани 8 200 денари. Парите и беа дадени за нејзино успешно лекување. Заради успешна реализација проектот е оценет со фаза 5+ .

Изработиле: Иван Ивановски и Елмир Сали.
Дисеминатор: Елида Ангелова

17. ООЦК Виница

**Преку глас до спас**

Четворица младинци од ООЦК и помогнаа на Мирјана Николова која поради здравствени причини не посетува настава. Тие преку хуманитарна забава одржана во еден од најпосетуваните кафе-барови на која учествувале ученици од Ванчо Прке собрале 7000 денари. Парите и беа дадени на Мирјана за нејзино успешно лекување. Заради успешна реализација проектот е оценет со фаза 5+.
Изработиле: Марија Илиевска, Иво Димитров, Верица Маринова и Дејан Темелков.
Дисеминатор: Елида Ангелова

18. ООЦК Виница

**Учејќи ги нив, учиме и ние од нив**

Овој проект е успешно реализиран од тројца младинци од ООЦК Виница кои организираа драма во центарот за деца со посебни потреби и исто така спроведоа и собирна акција за добро сочувана облека, која потоа беше донирана во Дневниот Центар. Проектот е оценет со фаза 4.

Изработиле: Александра Синадинова, Благица Михајлова и Билјана Ѓорѓиева.
Дисеминатор: Елида Ангелова

19. ООЦК Гази Баба

**Никита**

Младинците од Гази Баба се приклучуваат на апел од родителите на детето Никита Вељаноски, пет месечно бебе со дијагноза кардиопатија и Даунов синдром. Потоа организираат собирање на парични средства во 4 училишта и за кратко време успеале да ја анимираат околината и да соберат 20 852 денари.Овој проект има особено благодарна цел, како и извонредна документација и поради тоа оценет е со 5++ и сонце.

Изработиле : Александар Митровски, Александар Стојчевски, Кристијан Грковски, Ѓуро Митровски и Кире Стевановски
Дисеминатор : Петар Томиќ и Кренар Ќоку

20. ООЦК- Гази Баба

**Помош на децата од градинката "25 Мај"- Скопје**

Помошта за децата од градинката "25 Мај" младинците овој пат се одучија целта да ја остварат со донирање на 25 пакетчиња со блокови, боенки, фломастери, моливи и тетратки. Средствата за обезбедување на истите беа собрани преку собирна акција

која беше спроведена во АСУЦ Боро Петрушевски. Проектот е оценет со фаза 5.

Изработиле: Рејхан Исмаили и Ганимете Кдирии
Дисеминатор: Петар Томиќ и Кренар Ќоку

21. ООЦК ГАЗИ БАБА

**О.У. Кочо Рацин - Катланово**

Две младинки од оваа општинска организација преку собирна акција на стари алишта, сакале да им помогнат на 12 социјално загрозени ученици од Катланово. Собрале 12 пакети алишта кои претходно ги испрале и убаво ги спакувале. Овој проект е оценет со фаза 5-.

Изработиле**:** Јоана Вељаноска
Дисеминатор :Перо Томиќ, Кренар Ќоку

22. ООЦК-Гевгелија

**Ќе им помогнам колку што можам повеќе**

Нивната целна група, 16 деца од центарот за лица со специјални потреби, добиле клима уред благодарение на тимската работа и големата желба на младите од Гевгелија. Со речно изработени алки и барани донации од страна на локалните фирми, тие успеале да ја реализираат нивната идеа, односно да им помогнат на децата од центарот со купување на клима уредот.
Нивниот проект е оценет со 5+++, со оригинална идеа, добра документација и опширна акција.

Изработиле:Елена Цекова, Татјана Танева, Цветанка Чурлинова, Ристо Аврамов, Јулијана Митрова, Џоко Јованов, Ивана Опарова, Катерина Трајкова, Маја Дукова, Емилија Кинова
Дисеминатор:Софка Кочева

23. ООЦК Гевгелија

**Подари играчка-подари насмевка**

Голема група на младинци организирале 7 собирни акции (во ОУ 'Крсте Мисирков', ОУ 'Владо Кантарџиев' и ЦОУ 'Јосиф Јосифовски') за стари и нови играчки. Собраните играчки биле однесени во 5 градинки во Општина Гевгелија и 2 градинки во Општина Богданци за да им се зголеми фондот на играчки. Биле опфатени 510 деца на коишто играта им е сега уште позабавна, а воедно играчките ке им останат и на следните генерации коишто ке пораснат во овие градинки. Оценка за овој проект 4+.

Изработиле: Елена Цекова, Татјана Танева, Цветанка Чурлинова, Марија Попова, Јулијана Митрова, Даница Караџова, Петранка Миткова, Александар Бозаџиев, Ели Илиева, Маја Ефтимова, Кристина Поцкова, Лилјана танчева, Ивана Опарова, Јована Николиќ, Марија Петрова, Џоко Јованов, Данче Панова, Катерина Трајкова, Маја Дукова
Дисеминатор: Софка Кочева

24. ООЦК-Гостивар

**Соработка со деца со посебни потреби**

Целта на проектот била организирање на работилница со деца со специјални потреби, каде тие имале различни активности, помеѓу кое и цртање, а делата подоцна биле изложени во нивното училиште, каде што присуствувале и децата заедно со нивните родители.
Проектот е оценет со фаза 5++.

Изработиле:Теута Бајрами, Фатиме Балиу
Дисеминатори:Фаик Алили, Менсур Матјлан

25. ООЦК- Гостивар

**Собирање на средства за помош на сиромашно семејство**

Оваа група младинци имале за цел собирање на парични средства за помош на социјално загрозено семејство.
Младинците срдествата ги собрале по собирна акција. Средствата биле наменети за набавка на храна и облека.
Проектот е оценет со фаза 5+.

Изработиле Фатиме Балиу , Теута Бајрами
Дисеминатори:Фаик Алили, Менсур Матјлан

26. ООЦК- Гостивар

**Да подариме повеќе љубов**

Целта на проектот е помош на социјално загрозени семејства. И таа цел била постигната од самите девојки кои организирале собирна акција за стари алишта. Акцијата била реализирана во просториите на гимназијата, со што биле инволвирни голем број на младинци.Проектот е оценет со фаза 5+, со традиционална идеја, со површно истражување и со опширна акција.

Изработиле:Алтина Караи, Резарта Исеини
Дисеминатор: Фаик Алили, Менсур Матјан

27. ООЦК Гостивар

**Посета на децата со пречки во развој**

Целта на овој проект била да се обезбедат дел од средства за одржување редовна настава на децата со пречки во развојот. Целна група биле 8 деца од специјална паралелка во "Кемал Ататурк". За таа цел организирана е хуманитарна забава за која немало голем одзив, но со средствата што ги собрале обезбедиле боички, тетратки, боенки и пенкалца за децата од специјалната паралелка.
Проектот е оценет со фаза 4--

Изработиле: Љубомир Смилевски, Едвин Черкези, Кристина Исаковска и Каролина Рудски
Дисеминатор**:** Менсур Матјлан и Фаик Алили

28. ООЦК-Гостивар

**Проституција и абортус кај малолетничките**

Од страна на самите младинци е организирано предавање за истата тема, на кое било поканета стручно лице. Предавањето било наменето за девојки во возраст од 14 до 17 години.

Проектот е успешно реализиран, но поради недостиг на истражување и нецелосна документација оценет е со фаза 3.

Изработиле:Ќазибане Саити, Анида Зибери
Дисеминатори:Фаик Алили, Менсур Матјлан

29. ООЦК- Гостивар

**Да им помогнеме на нашите врсници со хендикеп-и тие се дел од нас**

Идеите за хуманиот пристап од младите за младите понекогаш ја достигнуваат зрелоста на целото општество. Токму таков е проектот кој беше изработен од страна на дел од младите во општината Гостивар. Отварање на паралелка за деца со хендикеп и деца со посебни потреби како цел на овој проект ја докажува единствено големината на хуманоста и големината на зрелоста која децата знаат да ја поседуваат. Секако за реализацијата на ваквите проекти потребни се повеќе време и многу средства но, идејата поседува умешност. Од тие причини проектот беше оценет со 2 бидејќи претставува документирана идеја.

Дисеминатор: Менсур Матјан и Фаик Алили

30. ООЦК- Дебар

**Да им помогнеме на децата со посебни потреби**

Проектот почнува со собирна акција, донација на пари од страна на поголемите фирми, организирана е креативна еднодневна работилница со децата со специјални потреби. Во крајот на денот им биле доделени симболични подароци, а круната на денот бил заедничкиот ручек кој бил спонзориран од локалната самоуправа.
Проектот е оценет со фаза 5++.

Изработиле: Јон Фида, Дега Марку, Албулена Османи, Рона Шеху
Дисеминатор:Фламур Муладаути

31. ООЦК-Дебар

**„забавувај се и помогни„**

Оваа група на младинци успешно реализираше мултиетничка хуманитарна забава за да се соберат средства за помош на 29 хендикепирани лица од 5 села.
Биле собрани 8100ден. со кои биле купени основни прехрамбени продукти кои им биле донирани на хендикепираните лица. Проектот е оценет со фаза 5+.

Изработиле: Магдарита Коларoска, Јоне Деолси, Мирнес Абазовски, Родна Деолеска-лидер
Дисеминатор: Фљамур Муладаути

32. ООЦК-Дебар

**И вие заслужувате внимание**

Проектот е оргаизиран со цел да им се помогне на деца без родители од училиштето Братство преку спонзорство.Со собраните пари биле направени пакетчиња.

Организирана е и забава каде што на 6 деца на креативен начин им биле доделени малите пакетчиња.
Проектот е оценет со фаза 5.

Изработиле: Меритон Цутра, Мелихате Казиу, Марта Цами,Анила Еребара, Ервин Папарнику, Кристина Стефановска, Бард Хаџиалили, Ејона Хаџиу, Ардит Дика.
Дисеминатор:Фламур Муладаути

33. ООЦК-Дебар

**Надеж за Живот**

Идејата на проектот е изготвување на домашен лек против изгореници, кој бил наменет за настраданите од тргедијата со експлодираните мини во соседна Албанија.Со помош на една жена, било подготвено една тегла со природен лек, за лекување на 90 луѓе, кој бил доставен до Црвен крст Дебар за да биде пратен до Црвен крст Пешкопија. Проктот е оценет со фаза 5-.

Изработиле: Доронтина Клења
Дисеминатор: Фламур Муладаути

34. ООЦК-Дебар

**Оружјето убива**

Во рамките на овој проект е организирано предавање по тема на Последиците од илегалните оружја, во која самото предавање било одржано од професионално лице од МВР. На истото предавање присуствувале ученици од средно и основно училиште во Дебар, а настанот бил медиумски покриен. Оценет е со фаза 4+.

Изработиле:Илиријан Клобочишта
Стефан Костовски
Дисеминатор:Фламур Муладаути

35. ООЦК Делчево

**Не можеме да го промениме светот но можеме да промениме барем еден човечки живот**

Откако дознале дека во нивниот град , живее момче кое што доживеало сообраќајна несреќа и е неподвижен, младинците решиле да ги разгледаат можностите како да му се помогне. Организирале хуманитарна забава, подготвиле театарска претстава во која и самите учествувале, собирале финансиски средства од јавниот и бизнис сектор, организирале хуманитарен концерт на рокерот Канго и на КУД Гоце Делчев. Со средствата собрани од концертот на Канго, купиле блуза, колекција за бричење, дезодоранс и др. и му направиле подарок на Дарко. Останатите собрани средства во износ од 11500ден. ги подариле на родителите. Проектот е успешен и има особено благородна цел,документирањето е одлично како и идејата. Оценет е со 5++++ и сонце.

Изработиле: Тамара Ристова, Ана Илиевска, Филип Раногајец и Зоран Стоиловски
Дисеминатор: Весна Димитровска

36. ООЦК Делчево

**Да се помогне- па тоа не чини многу!!!**

Целта на овој млад тим била да помогнат на дваесет социјално најзагрозени семејства од нивниот град со по еден мал пакет со основните прехрамбени продукти и средства за лична хигиена. Оваа своја цел решиле да ја остварат преку организирање на хуманитарна забава во локалната дискотека Тозида. Нивната хуманитарна забава поминала одлично, а со собраните 10 000 денари набавиле пакети за дваесетте семејства.

Проектот е оценет со фаза 5++.

Изработиле: Ана Илиевска, Зоран Стоиловски, Тамара Ристова

Дисеминатор: Весна Димитровска

37. ООЦК-Делчево

,, **И хендикепираните деца го чекаат Дедо Мраз,,**

Оваа група на младинци имаше за цел материјална и морална подршка на децата со пречки во развојот од дневниот центар во Делчево. За таа цел беше организирана новогодишна забава и поделени новигодишни пакечина од собраните средства кои учесниците во проектов ги заработиле работејќи во една од најголемите текстилни фабрики во нивниот град. Проектот е оценет со фаза 5.

Изработиле:Кристина Стоилова-лидер,Ана Стојановска,Драгана Спасовска,Драгана Ангелова и Сања Стамболиска.

Дисеминатор:Весна Димитровска

38. ООЦК Делчево

**Парична и материјална помош на 16 самохрани мајки**

Материјална и парична помош на 16 самохрани мајки е целта на овој проект. Младинците преку консултација и истражување го добија бројот на самохраните мајки на кои подоцна преку собирна акција им подарија пакети со облека и хигиенски средства со што успеаа барем за момент да им го подобрат животот. На децата на самохраните мајки им организираа еднодневна екскурзија на планина Голак на која им обезбеди ја превоз и храна. Проектот е оценет со фаза 5--.

Изработиле: Елена Мирчева, Станка Стоилкова, Бранка Стуилкова, Бранка Сугарева, Драгана Димитровска

Дисеминатор: Весна Димитрова

39. ООЦК Делчево

**Почиста околина-повесело детство**

Целта на овој проект била да се подигне општото ниво на квалитетот, сандардот и етничките вредности на животот на децата од градинката Весели Цветови и Дневниот Центар. Оваа своја цел тие ја остварија преку чистење и одржување на дворот на детската градинка и преку помагање при одржување на хигиената во просториите на Дневниот Центар.

Проектот е оценет со фаза 4.

Изработиле: Драгана Стојменова, Анета Ковачка, Кристина Велиновска, Зорица Стоименовска, Габриела Илиевска
Дисеминатор: Весна Димитровска

40. ООЦК Делчево

**Еднодневен пикник на децата на самохраните мајки**

Оваа група организираше еднодневен пикник на планината Голак на 20 деца на самохраните мајки. Проектот е оценет со фаза 3 бидејки е нецелосен.!

Изработиле: Станка Стоилкова, Драгана Димитровска, Елена Мирчевска и Бранка Сугарева.
Дисеминатор: Весна Димитровска

41. ООЦК Демир Хисар

**Деца во семејства со посебни потреби во општина Демир Хисар**

По повод Новогодишните празници, младинците од Демир Хисар организирале хуманитарна забава од која собрале 12 000 денари. Со тие средства биле купени новогодишни пакетчиња, школски прибор, играчки, елка и лампиони и истите биле подарени на деца со посебни потреби од 4 семејства. Проектот е оценет со фаза 5++.

Изработиле: Марија Кочовска, Славчо Цветановски, Сандра Кокоровска, Марија Сивевска,Викторија Ангелевска и Катерина Белевска
Дисеминатор: Соња Шилкоски

42. ООЦК-Демир Хисар

**Помош на деца во социално загрозени семејства во Демир Хисар**

Уште еден успешно реализиран проект на младинците од Демир Хисар. Нивната идеја била реализирана преку организирана забава, и собирна акција, а со собраните финансии биле купувани школски прибори, новогодишни пакетчиња и изработени новогодишни честитки.
Проектот е оценет со фаза 5++.

Изработиле: Биљана Цветановска, Златка Толевска, Катерина Гаревска, Христиан Лозановски, Викторија Ангелевска, Катерина Белевска.
Дисеминатор:Соња Шилкоски

43. ООЦК Кавадарци

**Помош на децата со посебни потреби од специјалната паралелка во град Кавадарци**

Овој проект имал за цел да обезбеди училишен прибор и други потребни средства за 21 ученик од специјалната паралелка при ОУ Страшо Пинџур. Младинците организирале хуманитарна претстава,

продавале билети и собирале спонзорства од неколку компании во Кавадарци. Со собрани 26350 ден. купиле училишен прибор, реквизити и 2 дигитални апарати, кои што ги подариле заедно со донираните производи од дисконтот Бадев, на децата од оваа паралелка. Проектот е одлично документиран, со голема акција на младинците и поради успешноста на реализацијата оценет е со 5++++

Изработиле: Петковска Марија, Вирлиос Кристина, Галапанчев Диме и Тучковска Катерина
Дисеминатор**:** Коцева Богде

44. ООЦК Кавадарци

**Научете-Тоа е за нас, за наше добро**

Целта на овој проект била запознавање на младите од сите основни и средни училишта од Кавадарци за опасностите на болестите како Сида и Туберколоза. Со нивните предавања биле опфатени 500 млади ученици и нивни професори од 5 основни и 3 средни училишта од Кавадарци. Проектот беше успешно реализиран и оценет со фаза 4.

Изработиле: Ристенка Попова, Андријана Винарова, Благој Ѓорѓиев и Маријан Колев.
Дисеминатор: Богданка Коцева

45. ООЦК Ккавадарци

**Разубавување на денот на тие што им помагат на сите**

Младинците од Кавадарци сакале да го разубават дворот во нивната ООЦК и со тоа да им го разубават погледот на вработени во Црвен крст и сите останати минувачи.Со помош на донација од цвеќарата "Рослер" и "Шумско стопанство" успеале да засадат две борчиња, една елка и неколку цветни садници. Проектот е оценет со фаза 3-.

Изработиле: Катица Милевска, Симона Пончева, Роглева Даринка, Бебеџакова Анета
Дисеминтор:Богде Коцева

46. ООЦК-Карпош

**„ЈАС+ТИ= НИЕ„**

Оваа група на младонци имаше успешна реализација на проектот остварена преку повеќе активноси.Најнапред самите изработиле украси од чаши кои ги продале во ТЦ.„Бисер„и со парите купиле боји за стакло. Потоа заедно со децата од домот „Мајка Тереза„ изработиле украси од тегли со цел да го истакнат уметничкиот дух на децата. Потоа заедно со учениците од средното музичко училиште направиле концерт и презентација на проектот, а на крај ги продале украсните свеќички. Собрале 2000ден.кои ги донирале во домот „Мајка Тереза„.Овој проект поради оргиналната идеја и устешната реализација е оценет со5+++.

Изработиле:Влатко Цекиќ, Анета Божинова
Диссеминатор:Сара Георгиева

47. ООЦК Карпош

**Да израдуваме едни деца со скршени срца**

Целта на овој проект била да се собере облека за децата од Домот за деца без родители од населбата Бутел. Овие млади луѓе организирале собирна акција на детска облека, која подоцна ја спакувале и ја поделиле на децата од домот за деца без родители. Овој проект беше оценет со 4--, поради некомплетната документација и недостигот на информации.

Изработиле: Аљбина Муча, Бесфорта Бериша, Дорунтина Реџепи
Дисеминатор: Ваљбона Хоџа

48. ООЦК Карпош

**Хуманитарна изложба и концерт**

Целта на овој проект била да се направи хуманитарна изложба и концерт и да се соберат средства за да им се помогне на децата без родители " Јавна установа за загрижување деца со воспитно-социјални проблеми, Скопје. Од проектот не може да се заклучи колку средства биле собрани и каде биле донирани. Документацијата е нејасна и поради тоа оценет е со 3+

**Изработил**: Арта Бајрами
**Дисеминатор**: Валбона Хоџа

49. ООЦК Карпош

**Помагање на беспомошните и чување на природата**

Овој проект е изготвен со цел да им се помогне да децата без родители во домот ˝25 Мај˝ во Бутел. Младинците сакале да соберат материјал за рециклирање, да го однесат во фабрика за рециклажа и на тој начин да соберат средства за децата без родители.За жал не успеале да се договорат со фабриката и да ја остварат целта. Поради неуспешна реализација и недоволно документирање, проектот е оценет со 3-

**Изработиле**: Кренар Абази, Бесим Далоши, Ариан Јусуфи
**Дисеминатор**:Валбона Хоџа

50. ООЦК Кисела Вода

**Обнова на опожарена куќа**

Оваа група спроведе акција за собирање на материјални средства наменети за делумно реновирање на опожарена куќа на едно социјално семејство и обезбедување на пакети со храна и средства за хигиена. Проектот е започнат на 22 март и е завршен на 16 април, при што се обезбедени 4000 денари како и пакети со храна и хигиенски средства. Средствата се собрани со донации од Тинекс и СП Маркет, со собирни акции и сл. Проектот е отсенет со 5++++ затоа што има поширокo значење за општеството..

Изработиле: Анамарија Шрам, Тоше Камиларовски, Бојан Страчковски, Ивана Јовевска
Дисеминатор: Маја Атанасова

51. ООЦК Кисела Вода

**Собирна акција на стари алишта**

Целта на проектот била собирање алишта за 3 социјално загрозени семејства. Младинците искористиле листа на приоритетни социјални случаи ( на пр. фамилии со повеќе деца) која веќе постоела во ООЦК. Акцијата е спроведена во просториите на Даре Џамбаз и во 5 училишта во Скопје. Собраните алишта биле дадени на 3 семејства а дел биле донирани во пункото за бездомници. Проектот е успешно реализиран но недостасува истражување во врска со потребите на целната група. Оценет е со 5-

Изработиле : Ристовска Милена, Трајковски Мартин, Ангеловска Симона, Хаџи-Даовска Маја и Петковска Вероника
Дисеминатор : Маја Атанасова

52. ООЦК-Кисела Вода

**Култура на здраво живеење**

Овој пат младите од Кисела Вода културата на здраво живеење посебно кај младата популација ја промовираа со подготовка и реализација на еднодневно кампување и организирање на забава со цел младитре да се потсетат што значи здрав живот. Ваквата исклучителна идеја и одличното документирање беа причина проектот да биде оценет со фаза 4 .

Изработиле: Мартин Трајковски, Симона Ангеловска и Олгица Стрефановска.
Дисеминатор: Маја Атанасовска

53. ООЦК-Кисела Вода

**Клуб на млади Црвен крст Кисела Вода во ПТТ**

Младинците од Кисела вода имале за цел да формираат Клуб на млади во нивното средно училиште Владо Тасевски за уеници од прва до трета година. Со отварање на клубот младите ја проширеле идејата на Црвен крст и нивното зближување со Црвен крст. Била оддржана една презентација во првиот состанок и свечено отварање на клубот. Целта ја оствариле и поради успешната реализација но поради недоволно истражување проектот е оценет со фаза 4-.

Изработиле:Амир Токалиќ, Васил Николоски
Дисеминатор:Маја Атанасова

54. ООЦК-Кичево

**Младината дел од културниот живот**

Самите младинци со овој проект имале за цел да организираат хуманитарна претстава, која би го збогатила културниот живот на самите млади во Кичево, а исто така со продажба на картите би им помогнале на дневниот центар на децата со специјални потреби во Кичево. Претставата е успешно реализирана и биле собрани 420 Евра, каде што 15000 биле донирани во дневниот центар, а истотака е помогнато на лице со инвалидитет со 130 Евра.
Целата активност била медиумски покриена, што покажува за нивната успешно реализирана работа.
Проектот е оценет со фаза 5++++.

Изработиле:Леонора Салију, Таулант Кадриу, Арбен Ристеми, Лиридона Емини, Лиридона Усеини, Ариатик Махмуди, Фламур Каса
Дисеминатор:Валдете Адили

55. ООЦК-Кичево

**Хуманитарна Изложба**

Самите младинци успеале да организираат хуманитарна изложба во нивниот град, за која сите посетители платиле по 50 ден за посета. Истата поставена во локално кафуле.Со собраните средства од продадените карти, и од донацијата од страна на поголеми фирми, биле купени прехрамбени и хигиенски материали и истите им биле донирани на 7 семејства од Кичево.
Проектот е со оригинална идеја, со предлабочено истражување, добро документиран и со опширна акција, така што е оценет со фаза 5++++.

Изработиле: Лазиме Алими, Ариана Џамбази, Шќипе Рахмани, Албулена Ризмани и Валдете Хасани.
Дисеминатор:Валдете Адили

56. ООЦК-Кичево

**Човекот е среќен,кога ги прави и другите среќни**

Оваа креативна идеја произлезе од три 15 годишни девојчиња. Нивната цел било реализирање на неколудневни посети на дневниот центар, каде што тие со децата со пречки во развојот изведувале разни креативни и едукативни активности. Тие успеаледа реализираат 8 посети,а уште 16 треба да се изведаат. Нивнот проект е оценет со највисоката оцена 5++++.

Изработиле: Албина Ахмеди, Енела Сула, Лауреша Рамадни.
Дисеминатор:Валдета Адили,Валентина Спиридоноска

57. ООЦК Кичево

**Хуманитарен концерт за деца со посебни потреби**

Неколку млади од Кичево сакаа да обезбедат парични средства за 18 деца со посебни потреби од центарот за посебни потреби-Кичево. За постигнување на оваа цел тие организирале голем хуманитарен концерт. Поради големата посетеност и донациите на хуманите луѓе, била собрана голема сума на пари којашто ја донирале за потребите на децата со посебни потреби. Поради

одличната идеја, доброто истражување, акција и документирање овој проект е оценет со 5+++.

Изработиле: Ангела Спасевска, Марина Аврамоска, Емилија Јовеска, Славиша Коцевски, Александар Симоноски, Драган Јосифоски, Горан Петкоски.
Дисеминатор: Валентина Сиридоноска

58. ООЦК Кичево

**Собирање на текстил**

Двајца младинци од ООЦК им помогнале на лица со посебни потреби преку собирна акција која се одржала во просториите на Црвениот Крст. На собирната акција се собрало доволно облека која подоцна била доделена. Заради успешна реализација проектот бил оценет со 3--.
Изработиле: Ајрије Мусоска и Марија Спасеска
Дисеминатор: Валдете Адили и Валентина Спиридоноска

59. ООЦК-Град Скопје-Клуб на млади

**И јас сум ти пријател**

Младинците од Клубот на млади при Црвен крст на град Скопје, решително и професионлано организираа хуманитарна забава од каде ги обезбедија средствата за донациите кои им беа потребни за остварување на нивната компактна идеа т.е. да обезбедат тренерки, топки и друштвени игри за децата од домот за деца без родители с.Љубанци. Тие напишаа дека е огромно задоволството кога поставената цел е остварена поради што и нивниот проект беше оценет со 5+++.

Изработиле: Симона Попова, Радица Младеновска и Ивана Ристовска.
Дисеминатор: Елена Зафировска

60. КЛУБ НА МЛАДИ СКОПЈЕ

**…IT’S PARTY TIME**

Преку целта-социјализација, дружење и придонес за еден поубав роденден на Кристијан Величковски ( штитеник во РЦПЛИП "ПОРАКА"), младинците од овој клуб успеаа да му подготват еден незаборавен ден и да му организираат еден поинаков роденден на малиот Кристијан. Направиле покани, собрале средства по пат на донации, му купиле подароци и со посебно задоволство му подготвиле торта. Проектот порди успешната реализација е оценет со 4++

Изработиле: Мила Габунија, Кристина Најдовска, Бојана Делидинкова и Мартина Јовановска
Дисеминатори: Елена Зафировска и Виџилнца Абази.

61.ООЦК Кочани

**Со концерт до посреќно детство**

Оваа група на младинци по собирањето на информации реши да се одлучи да му помогнат на Андреј Стојанов, дете кое боледува од церебрална парализа, а неговото семејство нема постојано место на живеење (живеат под кирија). Групата решила да организира хуманитарен концерт и барање на спонзорства за да соберат парични средства. Беа соберени 16,700 ден. од кои 5,700 ден. беа собрени од концертот, а останатото беше собрано од спонзорства. Со собраните средства му е купен компјутер на Андреј Стојанов со цел да има подобро детство - подобро да се едуцира. Поради успешната реализација проектот е оценет со 5++++.

Изработиле: Александар Алексов, Благица Јорданова, Душан Стојков, Невена Дончевска, Ангела Георгиева, Тања Минова и Ивана Николова.
Дисеминатор: Ката Синадиновска

62. ООЦК-Кочани

**До екскурзија преку депазар на можности„**

Реализиран и таканатечен „Пазар на можноста„ со учениците од ОУ.„Страшо Пинџур„ с.Чешиново како и подрачните училишта во селото Соколарци и Спанчево под мотото „Од децата за децата„. Од продажбата на најразлични земјоделски и други проиводи обезбедени се 9320ден. кои се уплатени за екскурзија за тројца ученици од училиштето до осмо и четврто одделение.
Овој проект од колегиумот беше оценет со 5++ за оргинална идеја и успешна реализација.
Изработиле:Ивица Крстев и Габриела Ѓорѓиева
Дисеминатор:Ката Синадиновска

63. ООЦК-Кочани

**„За поубаво секојдневие„**

Оваа група младинци имаше за цел собирање на парични средства за помош на двете слепи девојчиња Мимоза и Јулијана Пешеви кои живеат во социјално загрозено семејство. За таа цел била организирана акција за собирање на хартија и пластика за рециклирање и собирање на парични средства (донации) во ОУ.„Раде Кратовче„ собрани се 5610 ден кои се употребени за набавка на облека ,храна и хигиенски средстава и се доделени на слепите девојчиња. Поради успешната реализација колегиумот го оцени овој проект со5+.

Изработиле:Наташа Иванова,Јулијана Иванова,Кристина Петрова,Христина Милжевска,Даниела Милутиновиќ,Моника Алексовска
Дисеминатор:Ката Синадиновска

64. ООЦК-Кочани

**„Опремување на просторија за давање на прва помош„**

Овој проект беше изработен со цел опремување на просторија за давање прва помош во ОУ „ Климент Охридски„ - Облешево.Со истиот проект им се помогна на учениците и вработените во ова училиште.Целта беше постигната преку организирање на хуманитарен турнир во мал фудбал и ракомет, од кои беа собрани 31 000 денари.

Овој проект беше оценет со 4+.

Изработиле:Симона Диванисова,Сања Димитриова,Анѓела Атанасова и Марија Ѓорѓиева.
Дисеминатор:Ката Синадиновска

65. ООЦК КОЧАНИ

**Собирна акција за стара облека и обувки**

Собирање стара облека и обувки за социјално загрозени лица е целта на овој проект наменет за социјалните случаи од Кочани и Облешево. Преку неколку дневна организација акцијата се одржа од 28 до 03 април 2008 кога родители и ученици донираа стара облека. Веднаш по завршувањето на акцијата собраната облека била поделена на двајца ученици од училиштето кои потекнуваат од социјално загрозени семејства с. Пантелеј, додека останата облека била поделена во ООЦК Кочани од каде потоа била доделена на останатите семејства. Проектот беше оценет со фаза 3.

Изработиле: Сања Димитрова, Симона Диванисова, Анѓела Атанасова, Марија Ѓорѓиева.
Дисеминатор: Ката Синадиновска

66. ООЦК Кочани

**Собирна акција за стара облека и обувки**

Овие млади, со помош на ООЦК Кочани добиле информации за најмногу социјално загрозените семејства коишто претставуваат и нивна целна група. Организирале собирна акција во две училишта. Успешно собраната облека им била доставена на овие семејства. Овој проект е оценет со 3.

Изработиле: Христина Милчевска, Јулијана Иванова, Даниела Милутиновиќ, Наташа Иванова, Кристина Петрова, Моника Алексовска
Дисеминатор: Ката Синадиновска

67. ООЦК Кратово

**И тие се луѓе, да не ги заборавиме и ние ќе остариме**

Младинците од оваа ООЦК успеале да им помогнат на 15 стари лица и 10 лица со церебрална парализа прекуим донирање на мала помош од лекови и лекарски прегледи. Преку спонзорста и донации, младинците успеале да соберат околу 9000 денари со кои ја обезбедиле помошта и ја оствариле својата цел. Проектот е оценет со 5++

Изработиле: Александар Ангеловски, Драгана Мијалновска, Марија Петковска, Филип Додевски, Радица Андреевска
Дисеминатор**:** Гоце Стојановски

68. ООЦК Кратово

**Да го подобриме ликот на Кратово-градот на мостовите и кулите**

Основна цел на овој проект била подобрување на имиџот на Кратово преку обновата на фарбата на металните огради на сите преодните мостови кон центарот на Кратово. Иницијативата за фарбање на мостовите била покренувана неколку пати но за жал не целесно била реализирана. Младиниците успеале да организираат акција и да исфарбаат огради на само 3 моста. Проектот е оценет со 5++

Изработиле**:** Елена Митевска, Мартин Мицев, Марија Петковска, Никола Зафиров, Тамара Спасевска
Дисеминатор**:** Гоце Стојановски

69. ООЦК Кратово

**Обнова и уредување на миниградскиот парк "Карши бавча"- Кратово**

Основна цел на проектот е обнова и доуредување на мини градскиот парк "Карши Бавча". За релизирање на овој проект се пријавиле многу спонзори кои помогнале да се уреди паркот и младите кратовчани да го имаат најубавото место во градот. Овој проект е отценет со 4+ бидејќи е со потесно значење за општеството.

Изработиле: Валерија Анастасова, Магдалена Лазовска, Марија Петковска, Симона Крстевска, Катерина Тасева
Дисеминатор: Гоце Стојановски

70. ООЦК Кратово

**Ликовна работилница "Старо Кратово"- со изложба на тема "Старогратската македонска архитектура во очите на младите уметници"**

Целта на овој проект е да се покрене иницијатива која ќе придонесе да се продолжат старите традиции на ликовната уметност на Кратово. Проектот е започнат на 10 март и трае до 7 април 2008 год. Всушност овој проект се реализира преку изложба која е потпомогната од книжарница ОХ Мегдан и градоначалникот на општина Кратово, а ја реализираат професорите по ликовна уметност од средните и основните училишта во Кратово. Проектот е оценет со фаза 4.

Изработиле: .Младен Мицевски, Лиде Стојановска, Билјана Лазаревска, Димитровска Ана, Елена Митевска
Дисеминатор: Гоце Стојановски

71. ООЦК Кратово

**Хорти-културно уредување на платото на споменикот Цв. Ѓорѓи во Кратово**

Овие млади сметале дека е добро нивниот град да изгледа колку што може подобро за посетителите, туристите и локалните жители од оваа општина. Првиот дел на проектот опфаќа наоѓање на спонзори. А потоа се организирале, го уределе и украсиле плоштадот на градот. Овој оригинален проект е оценет со фаза 4.

Изработиле: Верица Здравковска, Ива Мицевска, Анџело Танев, Габриела Петковска, Бојан Андоновски
Дисеминатор**:** Гоце Стојановски

72. ООЦК Кратово

**Уредување и оградување на игралиштето за мал фудбал во село Туралево- Кратово**

Младите кои го работеле овој проект сакале младите од селата Туралево, Живеалево и другите околни села да имаат убаво уреден спортски терен на кајшто би можеле да спортуваат. Затоа направија уредување на мал терен во селото Туралево. Поради недоволната документација, овој проект е оценет со 3.

Изработиле**:** Радица Андреевска. Драган Тодоровски, Денис Демовски, Симона Крстевска, Стефан Стефанов.
Дисеминатор Гоце Стојановски

73. ООЦК Крушево

**Технологијата не познава пречки**

Тројцата младинци од ООЦК им помогнаа на децата без родители на возраст од 6-10 години преку организирање на компјутерски часови за едукација во областа на компјутерската технологија. Часовите беа одржни во просториите во агенција за вработување во Крушево. Заради успешна реализација на проектот истиот беше оценет со 5+++.

Изработиле: Христијан Пејчиновски, Данче Сотироска, Борис Дамјаноски
Дисеминатор**:** Мери Абаџи

74. ООЦК Крушево

**Повторно блеска насмевката на напуштените детски лица**

Двајца младинци од ООЦК им помогнаа на децата на возраст од 2-11 години без родители згрижени во Крушево организирајќи собирна акција и хуманитарен концерт. Собраната облека, пари и храна им ги донирале на децата. Концертот се одржал во еден од кафе-баровите, а на кој учествувал бендот Премиум 4. Младинците заедно со децата го посетиле и гробот на Тоше Проески. Заради успешна реализација проектот е оценет со фаза 5++.

Изработиле: Параскева Крстеска и Маја Сотир.
Дисеминатор: Мери Абаџи

75. ООЦК Крушево

**Акција за помагање на семејства со минимални месечни примања**

Целта на овој проект е да им се помогне на одреден број семејства од Крушево кои располагаат со минимални примања. Целната група кои тие ја издвоиле се семејства со поголем број членови, финансиски загрозени и социјални случаи. Преку собирна акција и донирани спонзорства и средства остварени од страна на младинците, тие подготвиле пакети за помош во кои рамномерно ги расподелиле собраните 180 кг храна, 80 кг средства за хигиена, 10 кг нова и 300 кг употребувана облека и плус 5 600 денари наменети за надополнување на пакетите. За

време на акцијата биле поделени пакетите на семејствата, додека самата акција им помогна на младинците да го искористат слободното време на организиран начин. Овој проект е оценет со фаза 5 +

Изработиле: Александра Ѓиновска и Соња Трајчулеска
Дисеминатор: Мери Абаџи

76. ООЦК Крушево

**Акција за помагање на стари лица**

Двајца младинци на ООЦК им помогнаа на 9 стари лица кои добија пакети кои содржеа прехрамбени продукти, облека и обувки. Овие младинци во тоа успеаа преку собирна акција. Заради успешна реализација проектот беше оценет со фаза 5+.

Изработиле: Александра Ѓиновска и Соња Трајчулеска
Дисеминатор: Мери Абаџи

77. ООЦК Крушево

**Малку внимание за старите лице**

Овој проект е успешно реализиран од младинец на ООЦК кој им посветил дел од своето слободно време на лица постари од 60 години кои живеат сами, разговарал со нив се забавувале и слично. Заради успешна реализација проектот е оценет со 4+.

Изработил**:** Зорица Николоска
Дисеминатор: Мери Абаџи

78. ООЦК Крушево

**Училишен весник**

Целта е издавање на училишен весник во училиштето. Во доставените документи од проектот е доставен издаден весник. Проекторт е оценет со фаза 4.

Изработиле: Соња Трајчулеска, Александра Ѓиновска
Дисеминатор**:** Мери Абаџи

79. ООЦК Крушево

**Инволвирање на младите во младинска организација на ООЦК Крушево**

Овој проект имал за цел да ги мотивира младите за вклучување во активностите на Црвен крст. Проектот се состои од анкета на 20 ученици за тоа колку се запознаени со активностите на ЦК и делење на флаери за ЦК. Проектот е оценет со фаза 3.

Изработиле: Александра Ѓиновска, Трајчулеска Соња
Дисеминатор :Абаџи Мери

80. ООЦК Крушево

**Соочување на младите со проблемите во денешницата**

Овој проект е реализиран од двајца младинци на ООЦК кои се обидоа да организираат предавања на ученици од 10-15 години и нивни родители, а предавањето беше предвидено да се одржи од четири стручни лица. Проектот во нашата канцеларија беше доставен само како документирана идеја и заради тоа е оценет со фаза 2-.
Изработиле**:** Соња Трајчулеска и Александра Ѓиновска
Дисеминатор**:** Мери Абаџи

81. ООЦК Крушево

**Акција за помагање на семејства со деца со пречки во развојот**

Младинците од ООЦК Крушево изработиле проект со цел да им се помогне на одреден број на семејства од Крушево со деца со пречки во развојот. По повод овој проект младинците организирале акција за собирање на прехрамбени продукти, облека и обувки, и истите им биле доделени на 12 семејства во посебни пакети кои имаат деца со пречки во развојот.

**Изработиле**: Соња Трајчулеска, Александра Ѓиновска
**Дисеминатор** : Мери Абаџи

82. ООЦК КУМАНОВО

**Собирна акција на играчки**

Овој тим си поставува за цел собирање на стари играчки за 15 социјално загрозени млади семејства со помали деца. Проектот течел на тој начин што прво била организирана акција за собирање на стари играчки кои потоа им биле доделени на децата. Проектот е оценет со фаза 5.

Изработиле: Катерина Јовановска, Елвира Зимбери, Сања Стојманевска, Ситриме зекири, Џемиле Алиу, Ивана Додевска, Арлинда Јонузи
Дисеминатори: Шпељтиме Зекири и Славица Серафимовиќ

83. ООЦК-Македонски Брод

**Хуманитарните забави како и спортските натпревари поттик за хуманост**

Овој проект е е успешно реализиран од група на младинци која организирала хуманитарен концерт и женски и машки турнир во мал фудбал со цел да се соберат средства за 2 деца без родители: Златко - кој нема татко и мајка, а живее кај неговиот вујко (социјален случај) и Филип - кој нема татко, мајка му е болна и невработена а живеат во куќа што се распаѓа.
Лидерот на групата Ратко Велески заедно групата успешно го реализираа проектот, собрани се пари во износ од 2230ден. од концертот и 1350ден. од турнирот. Со собраните средства биле купени основни средства за живот и им се платило членарина за до крајот на учебната година. Овој проект од колегиумот е оценет со фаза 5+++.

Изработиле: Велески Ратко, -лидер, Наташа Дамческа, Несторoски Љубиша и Бороска Силвана

Дисеминатор:Далибор Мисајлески

84. ООЦК Македонски Брод

**Судбината никој не може да ни ја спречи,што ќе ни речи...**

Оваа група на младинци имаше за цел помош на децата со посебни потреби од с.Манастирец. Преку чистење и засадување на украсни дрвца во општинскиот двор тие успејаа да издејствуваат од градоначалникот 5000 денари за успешна реализација на проектот. Со тие пари беа купени прехрамбени продукти, хигиенски средства и училишен прибор за децата со посебни потреби од с.Манастирец .Овој проект од колегиумот беше оценет со фаза 4.

Изработиле:Наташа Дамческа-лидер,Силвана Бороска,Данче Димоса,Андријана Костоска
Дисеминатор:Мисајлески Далибор

85. ООЦК Неготино

**Можноста да се спаси нечиј живот е блаженство**

Целта на овој тим била да се соберат парични средства и да се отвори сметка за Ленча Донова од Неготино, која е примател на социјална помош и која боледува од рак на дојка, за што е потребна итна операција која чини 36 000 денари. Со цел да ги соберат потребните средства младите од овој тим сами подготвија театарска претстава која се прикажуваше неколку пати во нивниот град. Исто така тие собираа и донации од поединци и фирми кои сакаа да се приклучат кон нивната хумана мисија. Преку нивните активности младите успеале да обезбедат 25 921 денар.
Нивниот проект бил оценет со фаза 5 ++++ со сонце., поради одличната и оригинална идеја, добро спроведеното истражување за потребите на инвната целна група, добро спроведената акција и одличната документација.

Изработиле: Илов Илија, Димова Сања, Пенкова Тања и Јанев Горан
Дисеминатор: Александар Гичовски

86. ООЦК- Неготино

**Од срце до срце, со хуманост до човечност**

Овој проект е опширна собирна акција, со што се собрани материјали за изготвување на честитки, пакетчиња и собрана финансиска помош во износ од 3 500 ден. Нивната целна група биле 26 хендикепирани деца од центарот Порака-Неготино.
Организирана била и дружба со тие деца со новогодишна програма. Изработените честитки биле изложени во предвидениот коктел пред многу родители, а сето тоа медиумски било покриени од национални и локални телевизии.
Проектот е оценет со фаза 5+++, добро документиран, со опширна акција и со длабоко истражување.

Изработиле:Елена Ташева, Ивана Митева, Даниела Станоева, Александра Јовановска, Менче Пендевска.
Дисеминатор: Александар Гичовски

87. ООЦК Неготино

**Давај безрезервно, така и ќе добиеш**

Целта на овој проект била помош на две социјално загрозени семејства од село Тремник, Неготино. Преку собирна акција и разни спонзорства младинците успеале да соберат парични средства и на едното семејство да подарат шпорет на дрва од 8000 денари, прехрамбени производи, облека и детски играчки, а на второто, паричен износ од 2300 денари и многу прехрамбени производи. Проектот е оценет со фаза 5+++.

Изработиле: Љубица Ставрова, Драгица Гарванова, Милица Петрова, Даниела Ангелова
Дисеминатор: Александар Гичовски

88. ООЦК Неготино

**Има ли ден за нас**

Цел на овој проект е собирање на материјални и финансиски средства за помош на петчленото семејство Костовски од населбата Петровец во кое живеат две хендекипирани деца. Проектот е започнат на 17.12.2007, а е завршен на 08.01.2008 год. Младинците собрале ивесна сума на пари преку донации, но и преку акции за собирање на пари, облека храна и слицно. Проектот е оценет со фаза 5+.

Изработи: Даница Ангелова
Дисеминатор  Александар Гичовски

89. ООЦК-Неготино

**Колку убав ден**

Организиранаата новогодишна забава покажува уште еден успешен реализиран проект со пошироко значање за заедницата каде целна група биле 13 деца од комбинирната посебна паралелка при основното училиште Страшо Пинџур - Неготино. По пат на спроведена хумана, доброволна акција и спонзорства биле обезбедени 8 320 ден. со кои биле купувани новогодишни украси, пакетчиња, елка. Целата активност завршила со новогодишна заедничка претстава изведена пред самите деца.
Проектот е оценет со фаза 5.

Изработиле:Андов Симон, Ганчева Ангелина, Николов Павле, Петрова Сандра, Николова Павлика, Андов Никола
Дисеминатор:Александар Гичовски

90. ООЦК Неготино

**Убавината е да се биде човек, но - човек хуман**

Целта на оваа група е собирање на материјални средства (облека, обувки, новогодишни пакетчиња, елка и украси) за едно социјално загрозено шесточлено семејство од селото Црвени Брегови, Неготино. Проектот се реализираше од 6-ти декември до 27 декември и во тек на овој период биле собрани многу парчиња облека, храна и парични средства со кои биле купени прехрамбени производи. Проектот е оценет со фаза  4+.

Изработиле: Теодора Иванова, Благица Петрова, Анета Божијанова
Дисеминатор: Александар Гичовски

91. ООЦК Охрид

**Нив им треба малку за подобра иднина**

Целта на овие млади беше подобрување на условите за изведување на редовна настава на децата кои се на лекување во болницата за ортопедија и трауматологи Св. Еразмо-Охрид. Проектот се остварил во 2 дела: Првиот дел- изработка, печатење и продажба на новогодишни честитки и икебани и нивно продавање. Во текот на оваа фаза следувало организирање на хепенинг под мотото 'Нам ни треба малку за подобра иднина' на кој биле продадени изработените честитки и икебани. Вториот дел бил организирање прослава по повод обележувањето на роденденот на Тоше Проески под мотото Со Тоше во срцата...со лубов кон децата каде настапувале млади музички таленти кои изведувале песни од Тоше Проески. Со собраните средста купиле компјутер и ЦД плеер за предходно спомнатите деца. Овој голем и многу успешен проект е оценет со 5++++.

Изработиле: Маја Здравеска-лидер, Ангела Радиќ, Даниела Попоска, Илија Поп Стефанија.
Дисеминатор**:** Весна Терзиоска

92. ООЦК Охрид

**Доделување на новогодишни патетчиња на социјално загрозени деца**

Групата на младинци која го изработи овој проект имаа за цел да им доделат новогодишни пакетчиња на 12 лица со умерено тешки пречки во психо-физчкиот развој од дневниот центар Порака 7-26 год, 15 лица заболени од церебрална парализа од општина Охрид и 23 деца-социјални случаи од ромска етничка заедница на возраст од 6-13 год. Оваа хумана цел ја оствари преку поставување на донаторски каси и собирање на донирани продукти пред Тинеџ и Макси Д маркетите. Овој проект е оценет со 5++ поради извонредната акција и соодветното докуметирање.

Изработиле:Атанасов Кирил-лидер, Аќимовиќ Бојана, Ристеска Татјана, Ајрединоска Јана, Јованоска Ивана, Мисоски Мартин, Тасески Игор.
Одговорен дисеминатор: Терзиоска Весна

93. ООЦК Охрид

**Да внесеме топлина во нивиот дом**

Четворица инвентивни млади луге спроведоа исражување за социјално загрозени смејстава и го лоцираа 5 членото семејтвото Далип коешто немаше соодветни основни услови на живот. Со цел да се помогне на ова семејсто, направена е голема акција за собирање на храна, дрва за огрев, облека и играчки и сите овие им биле доставени на ова семејсто. На ваков начин овие млади луге внесоа топлина во нивниот дом , фаза 5+.

Изработиле: Бехаре Сејдиноска- лидер, Маја Илијобска, Ирина Јорданов, Валентија Јорданов.
Дисеминатор: Терзиоска Весна

94. ООЦК Охрид

**Хуманоста на Тоше нема да згасне**

Тим од млади луге им исполниа една многу голема желба на седум лица со посебни потреби од дневниот центар "Порака"-организираа посета на гробот на Тоше Проески во Крушево и предходно изработени цртежи ги оставија на гробот. Овој проект со многу добра документација е оценет со 4+.

Изработиле: Илија Поп-Стефанија-лидер, Мја Здравеска, Кирил Атанасов, Ана Марија Буревска.
Дисеминатор: Весна Терзиоска

95. ООЦК Прилеп

**Дружење научениците од паралелките со пречки во развој од ОУ. Св. Климент Охридски со учениците од СОУ ЃорчеПетров**

Проектот од Прилеп, на многу оригинален начин имал за цел да ги социјализира децата со пречки во развој и да им ја разбие секојдневната монотонија. Младинците организирале фризерски и козметички третмани за 20 ученици (фризерски услуги, шминка, лакирање на нокти).
Овој проект е оценет со 5

Изработиле**:** Славчо Ѓорѓијоски, Александар Котески
Дисеминатор**:** Сузана Талимициоска-Чурлиноска

96. ООЦК-Прилеп

**Собирање на книги за училишната библиотека**

Нивната поставена цел е успешно реализирано со организирање на собирна акција на книги, од која биле собрани вкупно 87 употребени книги, со што нивната училишна библиотека била збогатена. Проектот е оценет со 4+, со оригинална идеа

Изработиле:Мишкоска Тијана, Митревска Сања
Дисеминатор:Сузана Талимициоска-Чурлиноска

97. ООЦК-Прилеп

**Собирање на играчки за децата од градинката "Наша Иднина" од населбата Бончејца Прилеп**

Хуманиот мотив на младинците од Прилеп овој пат беше реализиран преку собирање на парични средства и играчки за децата од градинката за дневен престој „ Наша иднина" од населбата Бончејца од Прилеп. Младинците доставија соодветно документирање од кое може да се забележи дека градинката по остварувањето на целта на овој проект беше збогатена со повеќе играчки, потрошен материјал и едукативни помагала кои секако ќе придонесат за подобриот престој на децата во градинката „ Наша иднина" по што проектот беше оценет со 4.
Изработиле: Наталија Трајковска, Сања Сиракоска, Рената Наумческа, Оливер Риастески, Христијан Божиновски и Елизабета Синадиновска.
Дисеминатор: Сузана Талимицоска- Чурлиноска

98. ООЦК Пробиштип

**Хуманоста меѓу младите**

Собирање на средства за подобрување на условите за работа и подготвување на предновогодишна забава за децата од Дневниот центар за грижи - Пробиштип беше целта преку која овие младинци успеаја да и помогнат на целната група односно децата од самиот дневен центар.
Овие младинци преку организирање на прекрасна забава и лотарија за гостите успеееа да соберат 3000 денари со кои купија 5 постелнини, 12 новогодишни украси и пакетчиња кои им ги подарија на децата за време на новогодишната забава која им ја приредија каде специјален гостин беше Дедо Мраз. Заради успешната реализација со пошироко значење на заедницата овој проект е оценет со 5++.

Изработиле: Никола Арсовски, Виктор Јакимовски, Стефан Стојановски, Ана Здравковска, Анѕелина Јаначковска, Елена Јобановска, Горан Ѓоргиев, Давор Стојчевски, Стојанче Нацев, Мила Митревска, Мирослав Стојковски
Дисеминатор: Мишо Манев

99. ООЦК-Радовиш

**Подари најискрена љубов секому**

Преку организираниот маскенбал младинците од Радовиш успешно ја постигнаа нивната поставена цел. Нивната целна група бил 9 годишниот Серџук Абазовски од Виница кој што имал потреба за хирушка интервенција. Неговата интервенција било потпомогнато со 3 600 денари собрани од влезните карти продадени по 20 ден од организираниот маскенбал.
Проектот е оценет со фаза 5++.

Изработиле:Темелкова Христина, Коцева Анита, Гоцев Александар
Дисеминатор: Велева Новка

100. ООЦК РАДОВИШ

**Хуманоста на дело за сите**

Младинците од Радовиш имале за цел да соберат стара облека и да ја подарат на најсиромашните семејства во нивниот град. Во просториите на ООЦК Радовиш била организирана собирна акција со време траење од 3 дена. Од истата биле собрани 13 пакети меѓу кои од само една личност : 15 палтиња, 80 парчиња панталони, 90 блузи и 30 пара обувки. Овој проект е оценет со 5-

Изработиле**:** Александар Гоцев, Христина Темелкова и Анита Коцева
Дисеминатор**:** Новка Велева

101. ООЦК РАДОВИШ

**Отвори го широко твоето срце**

Целта на овој проект била собирање на храниливи продукти и облека за социјално загрозено семејство, самохрана мајка со 5 деца Сузана Алексова. Младинците преку спонзорства успеале да соберат: 35 средства за лична хигиена, 30 парчиња облека и други предмети и хранливи продукти со што несебично успеале да му помогнат на ова семејство.Проектот е оценет со 4+.

Изработиле: Коцева Анита, Темелкова Христина, Гоцев Александар,
Дисеминатор: Велева Новка

102. ООЦК Ресен

**Хуманитарна забава**

Целта на овој проект е собирање и донирање на парични средства за дваесетмесечната Јована Трајчевска од Ресен која боледува од RETINOBLASTOMA OCULLI BILATERALIS и има потреба да се лекува во Русија. Организиран е хуманитарен концерт на Ламбе Алабаковски и Елена Ристевска и биле соберени 44,100 ден. Овој проект е оценет со 5++++* поради одличната идеја и реализација.
Изработиле: Анета Трајчевска, Андријана Мирческа, Олгица Пластиновска, Дарко Бистановски и Александар Трповски.
Дисеминатор: Никола Тодоровски

103. ООЦК- Ресен

**За нашите најмали и најмили ХУМАНОСТА ЅВЕЗДА ВОДИЛКА**

Младите не познаваат гранци на креативноста, тоа се докажа уште еднаш кога седум младинци од Ресен одлучија да организираат хуманитарна претстава од каде собраните средства беа наменети за обезбедување на ДВД, ЦД плеер и играчки за 95 деца од детската градинка „ 11 Септември" од град Ресен. Тие презентираа брилијантна идеја како за самиот проект така и за градот Ресен поради што и проектот беше оценет со 5+++ од страна на колегиумот.

Изработиле: Андријана Мирческа и Анета Трајческа- лидери, Олгица Пластинова, Стојанче Јовановски, Марија Проевска, Наташа Недамновска, Кристина Ставревска и Симона Ѓорѓиевска.
Дисеминатор: Никола Тодоровски

104. ООЦК Ресен

**Собирна акција за дониање облека, обувки, играчки и храна**

Младинците организирале собирна акција во две основни и едно средно училиште како и во самата ООЦК со цел да им помогнат на 25 социјално загрозени семјества од ромска националност. Поради голем интерес успеале да соберат 20 вреќи со облека, 17 пакети обувки и играчки, како и 3 пакети храна (шпагети, макарони, бисквити, брашно, масло, овошје и сл.) Проектот е успешно реализиран и е оценет со фаза 5

Изработиел: Анета Трајчевска, Андријана Мирчевска,Олгица Пластинова, Стојанче Јовановски, Евгенија Саљамовска, Милена Симоновска
Дисеминатор**:** Никола Тодоровски

105. ООЦК-Св.Николе

**Со оплеменета природа до поздрав живот**

Навистина, природата е фактор за поздрав живот. Тоа се обидоа да го пренесат и младинците од ООЦК-Св. Николе со реализирање на обука за сите заинтересирани љубители на природата од 14 години па нагоре. Ваквата идеја беше оценета со 3+.

Изработиле: Коцев Новица-лидер, Гичев Дарко, Бошков Филип и Герасимова Емилија.
Дисеминатор: Стево Богатинов

106. ООЦК Св.Николе

**Да се погрижиме за нашата иднина**

Целта на оваа група е отварање на штанд на кој ќе се продаваат на украси (честитки, украсни корпи) кои ги изработија учениците од осмо и седмо одделение при ОУ."Гоце Делчев". Средствата кои беа соберени беа искористени за уредување на кабинетите по физика и хемија. Штандот беше поставен пред црквата Св.Никола. Голем број граѓани кои ја посетиле црквата воедно и купиле украси.Од експонантите биле собрани 5,200 денари. Овој проект е неоценет поради задоцнување.

Изработиле: Дарко Гичев, Новица Коцев, Филип Бошков и Емилија Ѓерасимова.
Дисеминатор: Стево Богатинов

107.ООЦК Струга

**Преку различноста до еднаквост во општеството**

Целта на овие младинци беше организирање на работилница за изработка на креативни предмети, цртежи и накит и изложба и продажба на истите. Ефект од овој проект анимирањето на целната група и донирање на 12,500 ден. во центарот "Порака" кои биле собрани од продажната изложба. Проектот е оценет со фаза 5+.

Изработиле: Шемседин Илјази, Верче Маџароска, Анита Попоска, Катерина Кајмакоска, Суада Саидоска и Виолета Колеска.
Десиминатори: Валдете Насуфи и Марина Колоска.

108. ООЦК-Струмица

**„Од нас за нас„**

Со овој проект овозможено им е на децата од седмо одделение да одат на екскурзија низ РМ, а пак на децата од осмо одделение им е овозможено сликање за табло и присуство на полуматурската вечер. Оваа цел беше постигната преку хуманитарна модна ревија и донации од приватни претпријатија. Беа собрани 21 800 денари.
Овој проект е оценет со 5+++.

Изработиле : Делева Боркица , Пецева Љубица.
Дисеминатор:Вучкова Ленче

109. ООЦК-Тетово

**Помош на семејството Зибери**

Од страна на самите реализатори на проектот се донирани по 50 денари, средства со кои се купени ЦД-иња Потоа тие се продадени за поскапа цена и се собирани 10 000 денари. Со собраните средства купени се прехрамбени и хигиенски материјали за семејството Зимбери. Проектот е оценет со фаза 5++.

Изработиле:Лутфије Реџепи, Албан Нухиу,Ариан Османи, Азем Цека, Азра Максути, Бехар Несими, Берат Ебипи,Елфат Ибрахими,Елма Вејсели, Елбрина Османи, Фати Илјази, Фатиме Синани, Валмир Хундаи, Флорим Авдили, Гентиана Алити, Хабибе Абдули, Хаки Елмази, Хидије Бајрами, Јетон Емини, Луиза Реџепи, Лулзиме Пајазите, Мирлинд Беџети, Мухабије Зибери, Перпарим Имери, Ресмије Рустеми, Рихана Ламо, Сабира Алили, Семавије Реџепи, Сурјан Сулејмани, Шптим Арифи, Земиме Куртиши и Бујамин Мамути
Дисеминатор:Раметула Муниши

110. ООЦК Чаир

**Социјализација и забава со хендикепираните лица**

Оваа група се потруди да им овозможи екскурзија на хендикепираните деца на која ке се забавуваат, рекреираат и доживеат нешто што не им е често овозможено, во придружба со други дец, за да не се чувствуваат запоставени од општеството. Целната група ја сочинуваат деца од Сојузот на лица со телесни повреди на возраст од 14 до 18 години. Со реализирање на овој проект се обезбедија парични средства за храна од членовите на клубот на млади на Црвен Крст Чаир и донацијата од ОУ "Живко Брајковски". Превозот беше обезбеден од страна ООЦК Чаир и со одобрување од директорот на републичкиот завод за рехабилитација. Поради успешноста при реализирањето на проектот истиот е оценет со 5+.

Изработиле: Марија Цветковска, Бранка Ставровска, Иса Речица и Надица Кралева.
Дисеминатор: Блерта Ајредини

111. ООЦК Чаир

**Отварање на клуб на млади во ОУ."Никола Вапцаров"**

Со отварање на овој клуб на млади во ОУ." Никола Вапцаров" се овозможи организирано дејствување на младите во рамките на ООЦК Чаир, се зголеми бројот на нови волонтери во Црвен Крст. Засега се зачленија 10 нови волонтери кои во наредниов период ќе спроведат собирна акција за собирање на стара хартија. Целиот настан беше проследен и медиумски од страна на телевизија "ЕРА".
Проектот е оценет со фаза 5.

Изработиле: Беснике Бафтири, Ерзана Алими, Сејхан Мустафовски, Буњамин Селмани
Дисеминатор: Блерта Ајдин

112. ООЦК ЧАИР

**Хуманитарна собирна акција за децата од јавната установа за згрижување и воспитување на децата и мадинци 25 Мај**

Целта на овој проект е спроведување на собирна акција за облека, играчки и парични средства во училиштето Петар Здравковски - Пенко со што ќе може да се реновира една од занималните во домот 25 мај, а облеката и играчките да бидат донирани на 11 деца од Јавната установа за здружување и воспитување на деца и младинци од 11 - 4 години. Со реализирањето на овој проект беа собрани 7000 денари кои беа дадени на столар и искористени за реновирање. Собраната облека селектирана и поделена по пакети, бидејќи не била потребна во домот "25 мај" во консултација цо ООЦК, младинците ја поделиле на децата од О.У. Лиман Каба од с.Љуботен. Овој проект беше оценет со 4--.

Изработиле: Натура Осеку, Николина Бушкова, Дилек Исмаил, Аритон Рама
Дисеминатори: Блерта Ајредини и Марија Цветковска

113. ООЦК Чаир

**Собирна акција за децата од интернатот при ОУ "Гоце Делчев" од с.Љубанци**

Целта на оваа група беше спроведувана на собирна акција во ОУ "Живко Брајковски" во играчки, детстки книги, цртани сликовници и парични средства за децата од интернатот при ОУ "Гоце Делчев" од с.Љубанци како и барање на донации за уредување на занималната.Вкупно беа собрани 3,480 ден. и шест пакети со играчки, сликовници, цртани, перници со детски дезен и завеса за занималната. Паричните средства беа искористени за купување на четири полици и бои за цртање на ѕид. Со останатите 820 денари беше направен уште еден хуман гест- Беа подарени за екскурзијата за деца со хендикеп која беше организирана од една од групите на ЦКА-ПХВ. Проектот е оценет софаза 3++ поради недостиг на фотографии од конечната реализација на проектот.

Изработиле: Марио Ацевски,Марија Атанасовска, Наташа Стојкова
Дисеминатор: Марија Цветковска, Бларта Ајредини

114. ООЦК-Чаир

**Уредување на училишниот двор на ОУ: „ Панајот Гиновски"**

Инвентивноста повторно се изрази кај младите волонтери. Токму инвентивноста за собирање на стара хартија во количина од 300кг. на волонтерите од Чаир им донесе дел од средствата потребни за остварување на нивната цел односно уредувањето на училишниот двор на ОУ: „ Панајот Гиноски".

Покрај тоа тие спроеведоа и собирна акција која се надополни со парите собрани од продажба на старата хартија. Проектот е оценет со фаза 3.

Изработиле: Вјоса Исмаили, Бојана Палифровска и Елена Гогогва.
Дисеминатор: Блерта Ајредини

115. ООЦК-Чаир

**Обезбедување на облека за матурантите од домот за деца без родители "25 Мај"- Скопје**

Неколку млади креативци од ООЦК-Чаир се потрудија да обезбедат облека за шест матуранти од домот за деца без родители "25 Мај". Тоа го постигнаа во соработка со локалните бутици, граѓаните кои сакаа да донираат и секако ООЦК-Чаир. Проектот е оценет со фаза 3.

Изработиле: Роберт Раман, Марина Богдановска, Валентина Николиќ, Ивана Тасевска и Јелена Рдука.
Дисеминатор: Марија Цветковска и Блерта Ајредини